Совет на Општина Делчево
Број 09-107/2
29.01.20201година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 49.седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 29.01.2021 година (петок), во Мултифункционалниот центар со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Дејан Георгиевски
3. Јулија Крстевска
4. Влатко Величковски
5. Кирил Тренчевски
6. Ванчо Велиновски
7. Славица Димитрова
8. Катица Трајкова Тасева
9. Сашко Јовановски
10. Кристи Стојковски
11. Вице Стоиловски
12. Дијана Јосифовски
13. Билјана Ѓеоргиевска
14. Николчо Ситновски

Оправдано отсутен беше Сашко Ивановски

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски-претседател на Советот на Општина Делчево кој за 49.седница го предложи следниот

**Дневен ред**

-Усвојување на Записник од 48.седница на Советот

1. Статут за изменување на Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево 15/2013 и 2/2019);

   Образлагач: Ивана Ивановска-Помлад соработник за нормативно-правни работи

2. Извештај за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2020 година со Заклучок за усвојување;

3. Програма за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2021 година нсо Заклучок за усвојување;Образлагач: Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево

4. Извештај за реализацијата на Програма за социјална заштита на Општина Делчево бр.08-88/1 од 18.01.2020 со Заклучок за усвојување;

5. Предлог-Програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ за 2021 година;

   **Образлагач:** По точките 4 и 5-Сузана Петровска-Советник за вработување и информативен систем за ЧР.

6. Предлог-Одлука за донесување на Предлог-Детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2,1 – Кожара, град Делчево, Општина Делчево, плански период 2015-2020 со површина од 3,035 ха;

   **Образлагач:** Горан Петровски-Советник за енергетска ефикасност.

7. Извештај за реализација на Годишната Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2020 година со Заклучок за усвојување;

8. Предлог-Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2021 година;

9. Извештај за реализација на Програмата за промоција и комуникација со јавноста за 2020 година на Општина Делчево со Заклучок за усвојување;

10. Предлог-Програма за промоција и комуникација со јавноста за 2021 година на Општина Делчево;

    **Образлагач:** По точките 7, 8, 9 и 10-Даниела Такева-Советник за протокол и односи со јавноста.

11. Предлог-Одлука за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на парзарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходна година на подрачјето на Општина Делчево;

12. Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2021 година;

13. Предлог-Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Делчево за 2021 година;

14. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Сашко Диковски;

    **Образлагач:** По точките 11,12, 13 и 14-Звонко Атанасов-Раководител на Одделението за урбанизам.

15. Предлог-Одлука за доделување на парична помош на Здружение на граѓани „ОБНОВА ГЛОБАЛ“-Струмица;

    **Образлагач:**Шабан Багашов-Раководител на Секторот за финансиски прашања.

16. Одлука за парична помош по барање на Емина Ибраимова од Делчево;
    **Образлагач:** Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред ставен на гласање.
Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред.
Претседателот на Советот отвори расправа по Записникот од 48.седница.
Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот ставен на гласање.
Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 48.седница на Советот на Општина Делчево.

**Прва точка-Статут за изменување на Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево 15/2013 и 2/2019);**

Образлагач по точката беше Ивана Ивановска-Помлад соработник за нормативно-правни работи која истакна дека Градоначалникот на Општина Делчево до Советот на Општината поднел Иницијатива за **изменување на** Статутот на Општина Делчево. Измената се однесува во глава IV. Посебни тела на Општината, точка 4. „Партиципативно тело од областа на урбанизмот. Имено, с о оглед на фактот дека Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20) предвидува формирање на Партиципативно тело, но со различни права, различни улоги и различен состав од претходно пропишаното закон од 2005 година се јави потребата од измена на Статутот на Општина Делчево. Новиот Закон за урбанистичко планирање пропишува дека партиципативното тело се состои од членови на комисијата за урбанизам на општината што ги одредува градоначалникот, стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа, лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на општината.Законот за урбанистичко планирање утврдува дека Партиципативното тело има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на Градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија. Со Законот за урбанистичко планирање е уредено дека учеството на лицата вработени во локалната самоуправа во партиципативното тело е по службена должност, а на лицата што не се вработени во локалната самоуправа учеството е на доброволна основа.Согласно горенаведеното, Градоначалникот на Општина Делчево до Советот на Општина Делчево ја поднесува оваа иницијатива за измена на Статутот на Општина Делчево заради усогласување на истиот со одредбите на член 46 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20).

Исто таа, во Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.15/13 и 2/2019) во глава IV, потребно е да се направи измена во длот на Посебни тела на Општината, точка 5. „Совет на млади “, од член 62 до член 71 предвидени се одредби за формирање и начин на функционирање на Советот на млади во Општина Делчево кои се врз основа на новодонесениот зако во 2020 година. Тие измени се однесуваат на основањето, функционирањето, бројот и избирот на членови во Советот на млади опишан во статутот на Општина Делчево е поразлично од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020), потребно е усогласување на овој закон со Статутот на општината.Со член 16 од Законот за младинско учество и младински политики се уредува постапката за формирање на локални младински совети.

Локалните младински совети имаат советодавна и застапувачка улога во општините од делокругот на младински прашања и политики.

Претставниците на локалниот младински совет имаат право да :

- предлагаат точки на дневен ред на Советот на општините, кои ги засегаат младите,
- иницираат прашања за млади од делокругот на работата на општините,
- иницираат, учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики,
- доставуваат информации до општините за прашања кои се однесуваат на младите и
- вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со овој закон.

Бројот на членови на локалните младински совети е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на општината, но не може да биде помалку од пет лица.

Членовите на локалните младински совети имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

Со член 17 од Законот за младинско учество и младински политики се уредува постапката за конситуирање на локално собрание на млади:

За конституирање на локално собрание за млади се свикува иницијативен одбор.

Иницијативниот одбор го распишува повикот за конститутивното локално собрание за млади во согласност со Статутот на општината, по принципот на транспарентност и јавност.

Иницијативниот одбор се формира само за одржување на конститутивното локално собрание за млади.

Во Собранието на млади можат да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување. Овие форми на организирање и здружување не мора да бидат регистрирани во општината, но мора да имаат активности на територијата на општината, во чие што Собрание членуваат.

Формите на организирање кои членуваат во годишното собрание за млади номинираат делегат и заменик- делегат.

Делегатот и заменик- делегатот се жители на општината на возраст од 15 до 29 години.

Со член 18 од Законот за младинско учество и младински политики се уредува

постапката за избор на членови на локален младински совет:

Собранието на млади објавува јавен повик за членови на локалниот младински совет кој се објавува на веб-страната на општината.

Собранието на млади избира членови на локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

За избрани членови на локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати.

Членовите на локалните младински совети се верификуваат од страна на Советот на општината по добиена одлука за избор на членови од страна на Собранието на млади на општината.

Од избраните членови на локалниот младински совет се избираат претседател и заменик- претседател.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево го донесе Статутот за изменување на Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево 15/2013 и 2/2019).

**Втора точка-Извештај за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2020 година со Заклучок за усвојување;**

Образложение по оваа точка поднесе Б.Петровска-директор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево која на почетокот се извини за некои технички грешки во самата Програма. Во врска со Извештајот на реализирани активности таа рече дека во 2020 година, ЈЛБ "Илинден" реализирала 16 активности, кои не се малку ако се земе предвид пандемијата со Кораонавирусот, како и фактот што ЈЛБ „Илинден" била затворена 3 месеци, рече директорката.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализирани активности на ЈЛБ "Илинден"-Делчево.

**Трета точка-Програма за работа на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево која рече дека библиотеката „Илинден" и во иднина ќе биде регионален сервис каде секој граѓанин ќе има можност за пристап до културна или научна содржина и информации на најбрз и најефтин начин што воедно е и Визија на библиотеката. Што се

поднесува до Мисијата таа е:„Јакнењето на човечките и техничките ресурси и дигитализацијата на библиотечниот фонд заради поефикасна трансформација на библиотеката од „тврдина на знаење“ во „океан на информации“ согласно приоритетите на библиотеката и европските стандарди“. Во продолжение таа ги истакна областите на делувае, целите и задачите, како и финансирањето на библиотеката во 2021.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2021 година

**Четврта точка-Извештај за реализацијата на Програма за социјална заштита на Општина Делчево бр.08-88/1 од 18.01.2020 со Заклучок за усвојување;**

Образложение по оваа точка поднесе Сузана Петровска која рече дека во 2020 година Програмата за социјална заштита во Општина Делчево се реализирала преку неколку области на делување и тоа:Социјална заштита на стари лица, Деца и младинци во социјален ризик и ризик од зависности, Социјална заштита на лица со посебни потреби, Социјална заштита на социјално- загрозени семејства, Парична помош и стимулативни мерки за деца, ученици и студенти, Воведување на социјални услуга-лични односно образовни асистенти и Општинско корисна работа и јавни работи . Од извршената евалуација констатирано е дека активноста –функционирање на тимови за домашна посета на старите лица е реализирана преку Програмата за општинско корисна работа финансирана од УНДП и Општина Делчево. За таа цел Општина Делчево обезбеди тимови од 9 невработени лица, да вршат посета на домовите на старите и изнемоштени лица , со цел да им набават намирници, лекови и др.работи . Овие тимови беа од исклучителна важност посебно за време на пандемијата со COVID-19 , бидејќи старите лица се една од најризичните групи а со посетата од страна на мобилните тимови излегувањето на старите лица од дома е сведена на минимум. Воедно со помош на здравствени работници од локалните здравствени установи , беше обезбедена и посета на старите лица и од страна на тимови за здравствена заштита. Проектот за воведување на социјалната услуга за грижа во домот на стари и изнемоштени лица преку овластен давател на услугата, не е реализиран бидејќи истиот не беше финансиски одобрен од страна на МТСП. Функционирањето на клуб и дневен центар за стари лица е обезбедено од Здружението на пензионери во Делчево.
Во областа областа социјална заштита на лица со посебни потреби**, а** како дел од програмата на МТСП за воведување на социјални услуги за ранливите категории на граѓани на локално ниво, Општина Делчево во партнерски однос со ЗГ „Бравура кооператива„ аплицираше за добивање на грантови за воведување на социјални услуги во заедницата. Добивме известување од МТСП, за одобрен проект во делот „Услуги во заедницата„ . Во најскоро време очекуваме потпишување на Договор за грант со МТСП и партнерската организација ЗГ„Бравура кооператива„ од Делчево, која во овој случај ќе биде давател на услугата. Времетраењето на проектот ќе биде 18 месеци. Вкупниот буџет на проектот е 2.897.484 денари. Побарано од МТСП: 2.574.604 денари. Учеството од ЗГ „Бравура кооператива„

изнесува: 322.880 денари. За другите области на делување , како и за претходните 2, има и табеларни прегледи од кои може да се види кои активности и во кој обем се реализирани и колку средства се потрошени. Доколку има прашања, повелете, рече С.Петровска.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Славица Димитрова која праша дали Општина Делчево има помогнато на лицата со посебни потреби, што е тоа и во кој износ?

Сузана Петровска рече дека во еднократната парична помош за физички лица по основ материјална загрозеност , болничко лекување и слично за која во 2020 година се потрошени 523.045 денари влегува помошта и на лицата со посебни потреби, како и доделувањето на хуманитарни пакети.

Билјана Ѓеоргиевска праша за што се потрошени средствата за социјана заштита на стари лица во износ 486.000 денари?

С.Петровска рече дека станува збор за функционирање на тимови за домашна посета на старите лица која е реализирана преку Програмата за општинско корисна работа финансирана од УНДП и Општина Делчево. За таа цел Општина Делчево обезбеди тимови од 9 невработени лица, да вршат посета на домовите на старите и изнемоштени лица , со цел да им набават намирници, лекови и др.работи . Овие тимови беа од исклучителна важност посебно за време на пандемијата со COVID-19 , бидејќи старите лица се една од најризичните групи а со посетата од страна на мобилните тимови излегувањето на старите лица од дома е сведена на минимум. Воедно со помош на здравствени работници од локалните здравствени установи , беше обезбедена и посета на старите лица и од страна на тимови за здравствена заштита. Проектот за воведување на социјалната услуга за грижа во домот на стари и изнемоштени лица преку овластен давател на услугата, не е реализиран бидејќи истиот не беше финансиски одобрен од страна на МТСП. Функционирањето на клуб и дневен центар за стари лица е обезбедено од Здружението на пензионери во Делчево.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата и по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 4 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за реализацијата на Програма за социјална заштита на Општина Делчево бр.08-88/1 од 18.01.2020.

**Петта точка-Предлог-Програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ за 2021 година;**

Образлагач по оваа точка беше Сузана Петровска-Советник за вработување и информативен систем за ЧР која рече дека врз основа на член 2 од Законот за еднакви можностина жените и мажите, Општина Делчево има обврска за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот. За

остварување на оваа цел, Општината, согласно одредбите од член 14 од овој Закон, помеѓу останатото е должна да изработи годишен план во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Оваа Програма е усогласена со националните законски и стратешки определби како и со стратешките определби на Општина Делчево. Програмата произлегува од воочените проблеми со кои се соочуваат жените во општина Делчево како што се: семејното насилство, недостаток на згрижувачки капацитети за деца и стари лица, социјална исклученост на ранливите групи а особено жртвите на семејно насилство и самохраните мајки, недоволното учество на жените во процесите на одлучување на локално ниво и сл.

Основни цели на Програмата за еднаквите можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ за 2021 година се:

- Зајакнување на институционалните механизми за воведување на еднаквите можности на жените и мажите (ЕМЖМ) во приоритетните области во надлежност на Општината (социјална заштита, образование,култура, спорт и сл.).
- Промоција на родовата еднаквост како вредност, преку информативни кампањи , настани, манифестации и едукации.
- Поголема вкученост на жените во процесите на идентификување приоритети и одлучување во општината.

Приоритетни области на делување се 4 и тоа:

**1.Човекови права и родова еднаквост-**Подобласт – Политика;Подобласт- Родово базирано насилство и Подобласт- Економија

**2.Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики**

**3. Едукација на населението за родовата еднаквост и еднаквите можности на мажите и жените**

**4. Институционален развој и организациско јакнење на Комисијата за еднакви можности во Општина Делчево**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од донации и средства од Буџетот на Општина Делчево .

За активностите од областите, што не ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнително во текот на 2021 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани- нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ за 2021 година.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за донесување на Предлог-Детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2,1 – Кожара, град Делчево, Општина Делчево, плански период 2015-2020 со површина од 3,035 ха;**

Образлагач по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за енергетска ефикасност

кој истакна дека оваа одлука се однесува на Предлог Детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2,1 – Кожара , град Делчево, Општина Делчево, плански период 2015-2020 г со тех. Бр. 190/14 изработен од доо ,, УРБАН,, Штип

Одлуката за донесување на на Предлог Детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2,1 – Кожара , град Делчево , Општина Делчево , плански период 2015-2020 г ги почитува одредбите на Просторниот план на РМ, Генералниот урбанистички план на град Делчево.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор истата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 13 гласа "ЗА", против и воздржани- нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за донесување на Предлог-Детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2,1 – Кожара, град Делчево, Општина Делчево, плански период 2015-2020 со површина од 3,035 ха.

Седма точка-Извештај за реализација на Годишната Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2020 година со Заклучок за усвојување;

Образложение по оваа точка поднесе Даниела Такева која рече дека Програмата за одбележување настани и културни манифестации на Општина Делчево за 2020 година е усвоена на 34 Седница на Советот на Општина Делчево, а изготвена врз основа на член 22 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник" бр. 5/2002) и во неа се содржани активностите на Општина Делчево во областа на културата насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на Програмата:

Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални историски и културно-уметнички манифестации;

-Реализирање манифестации програми и проекти кои ѝ даваат посебно обележје на Општина Делчево;

-Создавање услови за гостување еминентни уметници од Република Северна Македонија и странство во Општина Делчево;

-Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Делчево;

-Остварување продуктивна соработка со меѓународни асоцијации организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма се финансираа од средствата на Буџетот на Општина Делчево предвидени за 2020 година.

Поради актуелната пандемија, протоколите за заштита и превенција од ширење на коронавирусот и забраната за групирање, таа рече дека не се одржале поголемиот дел големите настани предвидените активности во Програмата.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и за збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која праша колку средства се потрошени за реализираните активности.

Даниела Такева рече дека се потрошени минимални средства, набавка на букети и слично.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и Извештајот беше стравен на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Годишната Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2020 година.

Осма точка-Предлог-Програма за одбележување настани и културни манифестации за 2021 година;

И оваа точка беше образложена од страна на Даниела Такева која истакна дека истата е предложена од страна на Комисијата за култура и во неа се наведени сите планирани активности во 2021 година. Таа напомена дека сепак реализацијата на оваа Програма ќе зависи од состојбата со актуелната пандемија со коронавирусот, како и мерките за превенција и спречување на ширење на заразата од коронавирусот кои се предлагаат од Комисијата за заразни болести, а се усвојуваат од Владата на РСМ, како и од препораките од Министерството за култура и дека Општина Делчево инсистира на строго почитување на тие мерки и препораки, па од таа причина, напоменуваме дека настаните кои можат да донесат поголемо групирање, во услови на пандемија, нема да се одржат. На крајот од Програмата е дадена и финансиска конструкција за реализација на истата, рече таа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за одбележување настани и културни манифестации за 2021 година.

Деветта точка-Извештај за реализација на Програмата за промоција и комуникација со јавноста за 2020 година на Општина Делчево со Заклучок за усвојување;

Во врска со оваа точка Даниела Такева истакна дека заложбите и трудот вложени во оваа област претходните години, станаа видливи и ги донесоа првите позитивни резултати етаблирајќи ја Општина Делчево на првите позиции по транспарентност, односно оценувајќи ја со оценка многу добар во конкуренција со сите општини и институции во државата.

Ова значи дека на полето на отчетноста и транспарентноста, Општина Делчево е на вистинскиот пат, но , исто така, дека треба и во иднина да се одржи и да се подобри нивото.

Претседателот орвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за промоција и комуникација со јавноста за 2020 година на Општина Делчево.

Десетта точка-Предлог-Програма за промоција и комуникација со јавноста за 2021 година на Општина Делчево;

Образлагач и по оваа точка беше Даниела Такева-Советник за протокол и односи со јавноста која истакна дека Програмата за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2021 г. овозможува одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други

прашања од интерес на локалната заедница. Исто така, се планирани соодветни активности во рамките на промоцијата на Општина Делчево што значат промоција во севкупна смисла на надлежностите на ЕЛС, но и подигање на јавната свест кај граѓаните за одредени актуелни теми и проблеми од областа на животната средина, филантропијата, безбедноста во сообраќајот и сл..

Основната функција на Програмата за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево е да ги определи начините на пренесување и видот на информациите за работата на Единицата на локалната самоуправа внатре и надвор од неа.

Програмата ги дефинира активностите и алатките со кои тие ќе се спроведат. Таа опфаќа и мерки за постојано ажурирање и подобрување. За спроведување на Програмата ќе се користат расположливите човечки и финансиски ресурси. Во насока на унапредување на комуникацијата, за одредени активности ќе се користат и дополнителни ресурси.

Програмата ќе ја спроведува општинската администрација во координација со лицето одговорно за односи со јавноста, под раководство на градоначалникот на Општината и согласно со процедурата за внатрешната комуникација. По потреба, Програмата ќе се ажурира, во насока на подобрување на нејзиното остварување.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на општина Делчево донесе Програма за промоција и комуникација со јавноста за 2021 година на Општина Делчево.

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на парзарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходна година на подрачјето на Општина Делчево;**

Образложение поднесе Звонко Атанасов кој рече дека оваа одлука се донесува секоја година и со неа се определуваат зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на О пштина Делчево. Одлуката е иста како ланската, нема промена во цените.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“ против и воздржани-нема, Советот на општина Делчево ја донесе – Одлуката за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на парзарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходна година на подрачјето на Општина Делчево.

**Дванаесетта точка-Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2021 година;**

Образложение по оваа точка поднесе Звонко Атанасов и рече дека со оваа програма се донесува секоја година согласно Законот за градежно земјиште и Законот за локална самоуправа.Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина

Делчево за 2021 година претставува основа по која ќе се врши уредувањето на градежното земјиште во општината во тековната 2020 година.Во сена има општи податоци кои се однесуваат на:Просторот - локалитетите кои се предмет на уредувањето со оваа Програма;Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште; Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната инфраструктура; Извори на финансирање на Програмата;Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба; Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии);Динамика на извршување на Програмата и Останати активности. Активностите кои се наведени во програмата се врз основа на согледувања на стручните служби во општината, како и предлози и сугестии од месните и урбаните заедници. И во оваа програма цените за уредување на градежното земјиште се исти како и лани, значи нема покачувања. Доколку имате некои прашања, повелете рече Звонко Атанасов.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ против и воздржани-нема, Советот на општина Делчево ја донесе Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2021 година.

**Тринаесетта точка-Предлог-Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Делчево за 2021 година;**

И оваа точка ја образложи Звонко Атанасов кој рече дека програмата се донесува врз основа на Законот за јавни патишта и со истата се предвидуваат следните активности:Изградба и реконструкција на општински патишта;Изградба и реконструкција на улици, пешачки патеки и тротоари и Редовно одржување на општински патишта и улици, зимско и интервентно одржување. Во претходното образложение ги спомнав приоритетните проекти за во 2021 година, доколку има прашања, повелете, рече тој.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ против и воздржани-нема, Советот на општина Делчево ја донесе Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Делчево за 2021 година;

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Сашко Диковски;**

По оваа точка немаше образложение

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор истата беше затворена, а точката ја стави на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.1 по барање на Сашко Диковски.

**Петнаесетта точка- Предлог-Одлука за доделување на парична помош на Здружение на**

**граѓани „ОБНОВА ГЛОБАЛ“-Струмица;**

Образлагач по оваа точка поднесе Шабан Багашов-Раководител на Секторот за финансиски прашања кој рече дека со оваа одлука Советот на Општина Делчево доделува парична помош во износ од 60.000 денари на Здружението на граѓани „ОБНОВА ГЛОБАЛ“ Струмица.

Средствата ќе бидат наменети за санирање на штетата настаната од пожарот што го зафати објектот„ Глобал“ Струмица и ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево за 2021 година, Програма Д0-Градоначалник, ставка 413, потставка 413110-тековни резерви-50.000 денари и 10.000 денари од Програма Е0, ставка 464 трансфери, потставка 464990-други трансфери.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор истата беше затворена, а точката ја стави на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 4 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на парична помош на Здружение на граѓани „ОБНОВА ГЛОБАЛ“-Струмица.

**Шеснаесетта точка-Одлука за парична помош по барање на Емина Ибраимова од Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека се предлага одлука со која се одобрува парична помош по барање на Емина Ибраимова од Делчево во износ од 30.000 денари.Средствата ќе бидат наменети за покривање на погребални трошоци за нејзиниот сопруг Зенил Ибраимов.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор истата беше затворена, а точката ја стави на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за парична помош по барање на Емина Ибраимова од Делчево.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 49.седница на Советот на Општина Делчево заврши со работа во 15:10 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Драган Маневски